НИКОЛА МАРТИНОСКИ И ГЕРМАНСКИОТ ЕКСПРЕСИОНИЗАМ
NIKOLA MARTINOSKI UND DER DEUTSCHE EXPRESSIONISMUS



МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ, СКОПЈЕ, 1996
MUSEUM DER STADT SKOPJE, SKOPJE, 1996

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
НИКОЛА
МАРТИНОСКИ
И
ГЕРМАНСКИОТ
ЕКСПРЕСИОНИЗАМ

MUSEM DER STADT SKOPJE
NIKOLA
MARTINOSKI
UND
DER DEUTSCHE

EXPRESSIONISMUS



Никола Мартиновски
Повреден работник, 1934
Nikola Martinovski
Die Verletzen Arbeiter, 1934

Георг Грос
Кафеана на Рен, Годесберг, 1922
Georg Gros
Café an Rhein Godesberg, 1922

Никола Мартиноски
Циганка што пие кафе, 1928(детал)
Nikola Martinoski
Sitzende Zigennerin trinken Café, 1928 (Teil)

Ото Милер
Циганска мадона, 1928
Otto Müller
Zigeuner Madona, 1928



Професор д-р Борис Петковски

ПОТТИЦИ И ПРЕПЛЕТУВАЊА: НИКОЛА МАРТИНОСКИ И ГЕРМАНСКИОТ ЕКСПРЕСИОНИЗАМ

Од крајот на третата и низ поголемиот дел на четвртата деценија на овој век, значи во време на појава и ран развој на македонската модерна ликовна уметност, меѓу другите влијанија и поттици што беа вградени во тогашното творештво на првата генерација наши ликовни уметници, забележливи се и тие, произлезени од различните видови на европскиот експресионизам.

Но, единствено во речиси целото творештво на Никола Мартиноски (1903, Крушево-1973, Скопје), што траеше неколку деценции, се проектира една сложена и неконструирана сродност со многу одлики на германскиот експресионизам, со низа творци коишто дејствувале во одделни негови етапи, односно со некои нивни дела. Школувањето на Мартиноски се одвиваше првин на Школата за убавите уметности во Букурешт (1921-1927), кадешто тој стекна мошне солидни академски знаења: ја заврши наставата со прва награда за сликарство (во класите на Миреа и Ресу); се обучи и за декоративните ѕидни техники, а вајарство следеше кај Д. Пачуреа, еден некогашен ученик на Антоан Бурдел. По краткиот престој во Скопје, Мартиноски, следејќи ја вокацијата на многу уметници ширум светот, се определи природата и смислата на модерната уметност да ги проучува во најголемиот светски ликовен центар Париз (1927-1928). Тогаш, во таканаречената Париска школа, една од главните тенденции беше разновидното експресионистичко творење: видливо во рафинираните Модилјаниеви, Кислингови и Паскенови дела, во жестоките мачења на формите кај Сутин, во патетичните дисторзии на Руо, во геометричноста на Дерен, тоа е вградено во Матисовите фовистички почетоци, во Шагаловите рани дела, како и во дрските Пикасови изобличувања. Значи, веќе во Париз предиспозициите на Мартиноски за изразително преобразување на формите беа штедро поттикнувани и веќе вовлечени во делата што тогаш ги создаде. А во париската средина тој веројатно дошол во допир и со германскиот (понов) експресионизам: особено со смелите и цинични деформации во делата на Грос, Дикс, со манирично издолжените фигури на Милер (одделно во ликови и акти на млади Ромки). Сето тоа мошне брзу ќе се изрази во творештвото на Мартиноски по враќањето од Париз.

Така и неговата прва скопска фаза (1929-1933) е определена како експресионистичка. При тоа, низа тогашни творби на Мартиноски: цртежи, масла, илустрации откриваат специфична морфолошко-стилска симбиоза. Поттиците од Париската школа (Модилјани, Сутин, Кислинг, Паскен, Пикасо), се протекаени и со ликовни предизвици особено од Грос: во 1931 година негови дела биле прикажани во Белград на една изложба на германскиот експресионизам. А со него Мартиноски беше поврзан и со сродноста на мотивите: проституцијата (неговите масла "Порок", "Кафеана II", "Две од оние", "Госпоѓица Арети" и други, настанати меѓу 1931/33); бедниците од социјалното дно (многубројни слики и цртежи со ликови од скопските ромски предградија, домашни прислужнички, питачи, мајки со дете; илустрации за книгите: "Наличја", 1934, "Работнички Југ", 1937 и весници); симболични или религиозни мотиви (во повеќе, а сега уништени, икони и масла, зачувано е само "Под Распетие" од 1930) итн. Така Мартиноски со германските експресионисти имплицитно ја сподели идеолошката

и етничката причина на нивните "изобличувања", тоа дека со "грдоста" на своите дела непосредно и цинично го искажуваа грдото во социјалната и духовната драма на човекот. А дека и Мартиноски е најдрастичен следбеник на оваа "ангажирана" германска поетика, укажа критиката во тогашна Југославија и во некои странски земји (определувајќи го како застапник на социјалната провокација и "уништувач на убавото"). Исто така, иако не знаеле еден за друг - цигански мотиви штедро и сензуално се обработени во делата на Германецот Ото Милер и Македонецот Мартиноски. Македонскиот уметник, но сообразно со својот медитерански ареал, принципиелно го сподели со германските колеги (Дикс, Нолде) и нивниот тогашен стремеж да ја користат својата национална традиција (Гриневалд, Кранах, Б.Грин). Во втората половина на четвртата деценија, Мартиноски на свој начин го следеше и развојот кон нагласен натурализам, појавен (во третата деценија) во групата Неуе Сацхлицхкеит.

Во 1935 година, Мартиноски создаде 12 еротски ѕидни слики во еден скопски ноќен локал (сега не постои): слободни еротски и ликовно впечатливо обработени сцени, со смело компонирани фигури, во кои беа вткаени класицизантни медитерански поттици, белези на модерната експресионистичка изразност (Кирхнер, Нолде, Хекел, Милер) и матисовски рафинман. Како и многу дела на германските уметници, овие ѕидни слики на Мартиноски (уништени во Втората светска војна) предизвикале полициска интервенција (1937), како атак на"јавниот морал".

По Втората светска војна, поточно од шестата деценија наваму, во повеќе цртежи и слики на Мартиноски повторно се воочени низа сродности со Гросовата, Диксовата или воопшто "модернистичката" ликовна поетика: неговите еротско-драмско-патетични визии во слики и цртежи, често ја здружуваат кубистичката (пикасовска) со експресионистичка дисторзија. А во некои цртежи, зајадливо или подбивно (пак во традиција на Грос, Дикс, Пикасо), Мартиноски се искажал во секвенци од политичко-социјалната сфера.

Има место да се укаже на сродноста на творечкиот менталитет и изведбената процедура на Мартиноски во низа дела од крајот на неговиот живот: од втората половина на седмата деценија до 1973 година и со најновите видови на германскиот експресионизам -пред сé со творештвото на таканаречените "нови диви". Нивното зајадливо, предизвикувачко разглобување на формите, тенденциозно "лошото" сликање (меѓу другото: на човечки фигури и ликови) со дречливо, небрежно нафрлани или раслоени бои, кај Мартиноски сепак е протикаено и со наметлив хедонизам - со уживање во својот неконвенционален творечки чин, во егзибицијата на своето сопствено ликовно мајсторство. Кршливи, издолжени женски фигури, предадени во гротескно-предизвикувачки и еротизирани претстави на "невести, "танчерки", "музичарки", "сомнителни дами", се сменуваат со екстатично раздвижени и деформирани машки силуети на "картации", "шахисти", "чалгации". А во неколку автопортрети Мартиноски нездржано фовистичко-експресионистички го изобличил својот лик, за во него да го вгради својот речиси "демонски" животен порив, или резигнацијата и носталгијата за одминатата младост. Таков тип автопортрети се среќаваат и кај Кирхнер, Оскар Кокошка и други уметници од германската ликовна сцена на овој век.

Сите овие согледувања се обидуваме да ги илустрираме со една пропратна изложба: таа содржи низа оригинални дела на Мартиноски и повеќе колор и црно-бели фотографии на дела на разни германски експресионисти, како (скромен и невоедначен) инструмент за споредба на нивните остварувања.

Никола Мартиноски
Шахисти, 1928
Nikola Martinoski
Schache, 1928

Литература: Борис Петковски, Никола Мартиноски, "Култура", Скопје 1982 (со опширна библиографија и за германскиот експресионизам).

Никола Мартиноски
Гитари, 1965
Nikola Martinovski
Gitare, 1965

Ото Дикс
Три девојки на улица, 1925
Oto Dix
Drei Dirnen auf der straße, 1925

Prof. Dr. Boris Petkovski

ANREGUNGEN UND VERFLECHTUNGEN: NIKOLA MARTINOSKI UND DER DEUTSCHE EXPRESSIONISMUS

Zum Ende des dritten und während des größten Teils des vierten Jahrzehnts in diesem Jahrhundert, d. h. in der Zeit des Beginns und der frühen Entwicklung der makedonischen modernen bildenden Kunst, sind unter vielen anderen Einflüßen und Anregungen auch die der verschiedensten Arten des europäischen Expressionismus im Schaffen der ersten Generation makedonischer bildenden Künstler offensichtlich.

Nikola Martinoski (1903 Krusevo - 1973 Skopje), dessen Schaffen sich über mehrere Jahrzehnte ausdehnte, ist jedoch der einzige, bei dem sich fast ununterbrochen eine verwickelte und nicht kontinuierte Verwandtschaft mit vielen Eigenschaften des deutschen Expressionismus, mit einer Reihe von in bestimmten Perioden tätigen Autoren, sowie mit einigen ihrer Werken zeigt. Die Ausbildung von Martinovski begann an der Schule für Schöne Künste in Bukarest (1921-1927). Dort erwarb er gute akademische Kenntnisse: er beendete die Ausbildung mit dem ersten Preis für Malerei bei den Professoren Mirea und Resu; er wurde in dekorativen Wandtechniken unterwiesen und besuchte Stunden in Bildhauerei bei Professor D. Paciurea, ehemaliger Schüler von Antoin Burdel. Nach dem kurzfristigen Aufenthalt in Skopje folgte Martinoski dem Ruf vieler Künstler aus aller Welt und entschloß sich, die Natur und den Sinn der modernen Kunst in Paris, dem größten Zentrum der Weltkunst, zu erforschen (1927-1928). Eine der wichtigsten Tendenzen in der sogenannten Pariser Schule waren damals verschiedene expressionistische Schöpfungen, die in folgenden Werken ersichtlich sind: in den raffinierten Werken von Modigliani, Kisling und Pascin; in den heftigen Formenquälereien bei Sutin; in den pathetischen Verzerrungen bei Rouault; in der geometrischen Gestaltung bei Derain; in den fauvistischen Anfängen bei Matisse; in den frühen Werken von Chagall; in den dreisten Entstellungen bei Picasso. Also, schon in Paris wurden die Anlagen Martinoskis zur ausdrucksstarken Verwandlung der Formen reichlich angeregt und in die damals entstehenden Werken einbezogen. Wahrscheinlich kommt er schon in Paris in Berührung mit dem deutschen (neueren) Expressionismus: besonders mit den mutigen und zynischen Deformationen in den Werken von Grosz, Nolde und Dix, mit den manieristisch langgestreckten Figuren von Müller (getrennt in Gestalten und Akten junger Roma-Mädchen). Alle diese Einflüsse kommen im Schaffen Martinoskis bald nach seiner Rückkehr aus Paris zum Ausdruck.

Seine erste Phase in Skopje wird als expressionistisch definiert. Eine Reihe von damaligen Werken von Martinoski - Zeichnungen, Ölgemälde, Ilustrationen, usw. enthüllen dabei eine spezifische morphologisch-stilistische Symbiose. Die Anregungen der Pariser Schule (Modigliani, Sutin, Kisling, Pascin, Picasso) sind insbesondere mit darstellerischen bildnerischen Anregungen von Grosz durchwoben: Werke von Martinoski wurden 1931 bei einer Ausstellung des deutschen Expressionismus in Belgrad gezeigt. Mit dem deutschen Expressionismus war er auch durch die Verwandtschaft der Motiven verbunden (die Ölgemälde: "Laster", "Kaffeestube" II, "Zwei von diesen", "Fräulein Areti" und andere, die zwischen 1931/1933 entstanden sind); die Jammergestalten des sozialen Abgrunds (zahlreiche Bilder und Zeichnungen mit Gestalten aus den Skopjer Roma-Vorstädten, Hausmädchen, Bettler, Mütter mit Kindern; die Illustrationen für die Bücher "Kehrseiten", 1934, "Arbeiter-Süden", 1937 und Zeitungen); symbolische und religiöse Motive (in vielen, bereits zerstörten Ikonen und Ölgemälden, das einzige erhaltene Gemälde ist "Unter dem Kruzifix", 1930), usw. Martinoski hat auf diese Art und Weise mit den deutschen Expressionisten den ideologischen und ethischen Grund ihrer "Verunstaltungen" geteilt: sie haben mit der "Häßlichkeit" in ihren Werken unmittelbar und zynisch das Häßliche im

sozialen und seelischen Drama des Menschen gezeigt. Auf die Tatsache, daß Martinoski einer der deutlichsten Nachfolger dieser "engagierten" deutschen Poetik war, verwies die Kritik im damaligen Jugoslawien und in einigen Länder im Ausland, in welchen er als Vertreter der sozialen Provokation und "Zerstörer" des "Schönen" definiert wurde. Ebenso ausgiebig und sinnlich sind Roma-Motive in den Werken des deutschen Künstlers Otto Müller und des Makedoniers Martinoski verarbeitet, obwohhl sie nie von einander gehört haben. Der makedonische Künstler hat, in Übereinstimmung mit seinem mediterranischen Areal, prinzipiell auch die Tendenz seiner deutschen Kollegen (Dix, Nolde) bei der Nutzung der eigenen nationalen Tradition übernommen (Grünewald, Kranach, B. Grün). In der zweiten Hälfte des vierten Jahrzehnts ist Martinoski, in der ihm eigenen Weise der Entwicklung eines betonten Naturalismus gefolgt, der (im dritten Jahrzehnt) in der Gruppe Neue Sachlichkeit erschien.

Im Jahre 1935 entstanden 12 erotische Wandbilder von Martinoski in einem Nachtlokal in Skopje (das nicht mehr besteht): freie erotische und bildlich überzeugend verarbeitete Szenen, mutig komponierte Figuren und verflochtene klassizistische mediterrane - Anregungen, Gepräge der modernen expressionistischen Ausdruckskraft (Kirchner, Heckel, Nolde, Müller) und Raffiniertheit eines Matisse. Wie auch viele Werke deutscher Künstler hatten diese Wandbilder (im Zweiten Weltkrieg zerstört) als Angriff der "öffentlichen Moral" polizeiliches Eingreifen verursacht (1937).

Nach dem 2. Weltkrieg, genauer seit dem Beginn des sechsten Jahrzehnts, kann man in vielen Zeichnungen und Bilder wieder eine Reihe von Verwandtschaften mit der Poetik von Grosz, Dix oder überhaupt mit der "modernistischen" bildhaftlichen Poetik bemerken: seine erotisch-dramatisch-pathetischen Visionen in Bildern und Zeichnungen vereinigen sehr oft die kubistische (Picasso) mit der expressionistischen Distorsion. Bissig und spöttisch zeigt er in einigen Zeichnungen (wieder gemäß der Tradition von Grosz, Dix und Picasso) Sequenzen der politisch-sozialen Sphäre.

In einigen Werken seiner Endphase können wir auch auf die Verwandtschaft zwischen der schöpferischen Mentalität und dem Ausführungsprozeß von Martinoski hinweisen: ab der zweiten Hälfte des siebten Jahrzehnts bis 1973 auch mit den neuesten Arten des deutschen Expressionismus - vor allem mit dem Schaffen der sogenannten "Neue Wilde". Ihre Art von bissigem und herausfordendem Zerlegen der Formen, absichtlich "schlechtem" Malen (auch: von menschlichen Figuren und Gestalten) mit schreienden, achtlos aufgetragenen oder aufgelösten Farben ist bei Martinoski jedoch mit einem aufdringlichen Hedonismus verbunden: Genuß der eigenen, nicht konventionellen schöpferischen Handlung, in der Exhibition der eigenen bildnerischen Kunst. Zerbrechliche, langgestreckte Frauenfiguren wurden in grotesk-provokatorischen und erotisierenden Vorstellungen von "Bräuten", "Tänzerinnen", "Musikerinnen", "verdächtigen Damen" übermittelt, und sie wechseln mit ekstatisch bewegten und deformierten Männersilhouetten von "Kartenspielern", "Schachspielern", "Tänzer". In einigen Selbstporträts hat Martinoski seinen eigenen Gestalt ungehemmt fauvistisch-expressionistisch entstellt, um seinen fast "dämonischen" Lebensdrang - oder seine Resignation und Nostalgie um die vergangene Jugend einzufügen. Solche Selbstporträts finden wir auch bei Autoren wie Kirchner, Oskar Kokoschka und anderen Künstlern der deutschen bildlichen Szene dieses Jahrhunderts.

Wir haben versucht, alle diese Einsichten mit einer begleitenden Ausstellung zu illustrieren: diese Ausstellung enthält eine Reihe von Originalwerken von Martinoski und mehrere Farb- und Schwarz-weißphotos von Werken der verschiedenen deutschen Expressionisten als (ein bescheidenes und ungleiches) Instrument zum Vergleich ihrer Errungenschaften.

Емил Нолде
Танц околу златното теле, 1910
Emil Nolde
Tanz um das golden Kalb, 1910

Literatur: Boris Petkovski, Nikola Martinoski, "Kultura", Skopje 1982 (mit ausführlicher Bibliographie über den deutschen Expressionismus).

НИКОЛА МАРТИНОСКИ

***ШАХИСТИ**, 1928*
масло на платно, 50 x 73

***БЕЗПРИЗОРНИ**, 1928*
моливи во боја на хартија

***ЦИГАНКА ШТО ПИЕ КАФЕ**, 1928*
масло на платно, 90 x 47

***МЛАДИОТ ФИЛОЗОФ**, 1929*
масло на платно, 41,5x29

***ДЕВОЈКИ ВО КАФЕАНА**, 1930*
цртеж со молив, 25x17,6

***ГОСПОЃИЦА АРЕТИ**, 1931*
темпера на картон, 65x35

***ПОРОК**, 1931/32*
масло на плано, 77x57

***ВО КАФЕАНА II**, 1932*
масло на платно, 90 x 67

***ПОВРЕДЕН РАБОТНИК**, 1934*
цртеж

***РАСПЕТИЕ**, 1939*
масло на платно, 83,5 x 67

***ПОЛИТИКА**, 1953*
молив на хартија, 27 x 35,5

***МАЈКА СО ДЕТЕ**, 1955*
маслона платно, 109 x 91

***ГИТАРИ**, 1965*
масло на стакло, 75 x 56,5

***САТИРИ И ЖЕНИ**, 1967*
масло на платно, 50 x 70

***СВАДБА**, 1969*
масло на стакло, 41,5x29

***ИДИЛА**, 1969*
масло на стакло, 54x14

***АВТОПОРТРЕТ**, 1971*
масло на платно, 83x65

ФОТОГРАФИИ ОД ДЕЛАТА НА:

1. ***ЕМИЛ НОЛДЕ***
   ***ТАНЦ ОКОЛУ ЗЛАТНОТО ТЕЛЕ**, 1910*
   масло на платно, 88 x 105,5

2. ***ЕМИЛ НОЛДЕ***
   ***ЖИВОТОР НА ХРИСТОС - РАСПЕТИЕ**, 1912*
   200 x 191

3. ***ЕРНСТ ЛУДВИГ КИРХНЕР***
   ***БЕРЛИНСКА УЛИЧНА СЦЕНА**, 1913*
   масло на платно, 121 x 95

4. ***ЕРНСТ ЛУДВИГ КИРХНЕР***
   ***ВО КАФЕАНСКАТА ГРАДИНА**, 1914*
   масло на платно, 70,5 x 76

5. ***ЕРНСТ ЛУДВИГ КИРХНЕР***
   ***АВТОПОРТРЕТ КАКО ВОЈНИК**, 1915*
   масло на платно, 69,2 x 61

6. ***ГЕОРГ ГРОС***
   ***УЛИЧНИ УЖИВАЊА**, 1917*
   литографија, 23 x 14,6

7. ***ОТО МИЛЕР***
   ***ПОЛСКО СЕМЕЈСТВО**, 1919*

8. ***ГЕОРГ ГРОС***
   ***ПОГЛЕД НА УЛИЦАТА ТАУЕНЦ**, околу 1920*
   56 x 40,5

9. ***ГЕОРГ ГРОС***
   ***МАГИОНИЧАР**, околу 1921*
   молив на хартија, 36 x 24

10. ***ГЕОРГ ГРОС***
    КАФЕАНА НА РЕН, ГОДЕСБЕРГ, 1922

11. ***ГЕОРГ ГРОС***
    ***ИНВАЛИД**, 1923*
    туш на хартија, 46,1 x 45,7

12. ***ГЕОРГ ГРОС***
    ***ОХАЈО БАР**, околу 1924*
    перо на сува хартија, 46,5x61,5

13. ***ГЕОРГ ГРОС***
    ***МАЛА КАФЕАНА**, 1922 / 24*
    туш на хартија

14. ***ОТО ДИКС***
    ***ТРИ ДЕВОЈКИ НА УЛИЦА**, 1925*
    темпера на шперплоча, 95 x 100

15. ***ОТО ДИКС***
    ПОЕТОТ ИВАН ЛИКЕН
    масло и темпера на платно

16. ***ОТО МИЛЕР***
    ***ЦИГАНСКО СЕМЕЈСТВО ПРЕД ЗАПРЕЖНА КОЛА**, 1927*
    креда во боја, 60 x 44

17. ***ОТО МИЛЕР***
    ***ЦИГАНСКА МАДОНА**, 1928*

18. ***ГЕОР БАЗЕЛИЦ***
    ***ГОЛЕМИТЕ ПРИЈАТЕЛИ**, 1965*
    масло на платно, 250 x 300

19. ***А.Р. ПЕНК***
    ***ПОГЛЕД НАНАЗАД КОН МИРНИОТ ЗАЛИВ**, 1977*
    цртеж со боја и туш, 1944 x 179

20. ***СТЕФАН ШЧЕСНИ***
    ***КАПАЧИ ВО СНЕГ**, 1984*
    масло на платно, 200 x 250

NIKOLA MARTINOSKI

1. ***SCHACHE**, 1928*
   Öl auf Leinwend

2. *UNRUHIGE*, ***1928***
   Zeichunng mit Bleistift

3. ***SITZENDE ZIGEUNERIN TRINKEN CAFÉ**,1928*
   Öl auf Leinwand

4. ***DAS JUNGE FILOSOF**, 1929*
   Öl auf Leinwand, 41,5 x 29

5. ***MÄDCHEN INS CAFÉ**, 1930*
   Zeichunng mit Bleistift, 25 x 17,6

6. ***FREULEIN ARETI**, 1931*
   Tempera auf Karton, 65 x 35

7. ***MANKEL**, 1932 / 32*
   Öl auf Leinwand, 77 x 57

8. ***INS CAFE II**, 1932*
   Öl auf Leinwand, 90 x 67

9. *DIE VERLETZEN ARBEITER, 1934*
   Zeichnung

10. ***KREUZIGUNG**, 1939*
    Öl auf Leinwand, 83,5 x 67

11. ***DAS POLITIK**, 1953*
    Zeichunng mit Bleistift, 27 x 35,5

12. ***MUTTER MIT KIND**, 1955*
    Öl auf Leinwand, 109 x 91

13. ***GITARE**, 1965*
    Öl auf Glas, 75 x 56,5

14. ***SATIREN UND FRAUEN**, 1967*
    Öl auf Leinwand, 75 x 56,5

15. ***HOCHZEIT**, 1969*
    Öl auf Leinwand, 41,5 x 29

16. ***IDILLE**, 1969*
    Öl auf Glas, 54 x 14

17. ***SELBSTBILDNIS**, 1971*
    Öl auf Leinwand, 83 x 65

FOTOGRAPHIEN VON WERKEN

1. ***EMIL NOLDE,***
   ***TANZ UM DAS GOLDEN KALB**, 1910*
   Öl auf Leinwand, 88 x 105,5

2. ***EMIL NOLDE,***
   ***DAS LEBEN CHRISTI : KREUZIGUNG**, 1912*
   200 x 191

3. ***ERNST LUDWIG KIRCHNER***
   ***BERLINER STRASSENSSENE**, 1913*
   Öl auf leinwand, 121 x 95

4. ***ERNST LUDWIG KIRCHNER***
   ***IM CAFEGARTEN**, 1914*
   Öl auf Leinwand, 70,5 x 76

5. ***ERNST LUDWIG KIRCHNER***
   ***SELBSTBILDNIS ALS SOLDAT**, 1915*
   Öl auf Leinwand, 69,2 x 61

6. ***GEORG GROSZ***
   ***STRASSENGENIESSEN**, 1917*
   Litografie, 23 x 14,6

7. ***GEORGE GROSZ***
   ***BLICK IN DIE TAUENTZIENSTRASSE**, um 1920*
   Rohrfeder schwarze Dusche, 56 x 40,5

8. ***OTO MÜLER***
   ***POLNISCHE FAMILIE**, 1919*

9. ***GEORGE GROSZ***
   ***DER ZAUBERER**, um 1921*
   Federzeichung, 36 x 24

10. ***GEORG GROSZ***
    CAFÉ AN RHEIN, GODESBERG, 1922

11. ***GEORGE GROSZ***
    ***INVALID**, 1923*
    Federung, 46,5 x 61,5

12. ***GEORGE GROS***
    ***OHIO CAFÉ**, 1924*
    Federung, 46,5 x 61,5

13. ***GEORGE GROSZ***
    ***KLEINES CAFÉ**, 1922 / 24*
    Federung

14. ***OTTO DIX***
    ***DREI DIRNEN AUF DER STRASSE**, 1925*
    Tempera auf Sperrholz, 95 x 100

15. ***OTTO DIX***
    DER DICHTER IVAN VON LÜCKEN
    Öl und Tempera zuf Leinwand, 225 x 120

16. ***OTTO MÜLLER***
    ***ZIGEUNER FAMILIE**, um 1927*
    Kreide im Farbe, 60 x 40

17. ***OTO MÜLLER***
    ZIGEUNER MADONA, 1928

18. ***GEORGE BASELITZ***
    ***DIE GROSSE FREUNDE**, 1965*
    Öl auf Leinwand, 250 x 300

19. ***A.R.PENCK***
    ***BLICK RUCKWARTS IN DIE STILLE BUCHT**, 1977*
    Zeichnung mit Farbe und Dusche, 144 x 179

20. ***STEFAN SZCZESNY***
    ***BADENDER IN DER SCHNEE**, 1984*
    Öl auf Leinwand, 200 x 250

Организација — *Organisation*
Музеј на град Скопје и Македонско-германско друштво — *Museum der Stadt Skopje und Mazedonisce Deutche Gesellschaft*
Одговорен уредник — *Redakteuer*
Климе Коробар — *Klime Korobar*
Концепција и текст — *Konzeption und Text*
Проф. д-р Борис Петковски — *Prof. d-r Boris Petkovski*
Графичко и ликовно уредување — *Graphiche und Bildende Gestaltung*
Фросина Зафировска — *Frosina Zafirovska*
Фотографии — *Photographien*
Марин Димески и Благоја Дрнков (на предната корица) — *Marin Dimeski und Blagoja Drnkov (am vorderer Rindchen)*
Превод на германски јазик — *Uibersetzung auf Deutsch*
Ана Корженска — *Ana Korzenska*
Лектура на македонскиот јазик — *Lekture uf Mazedoniesch*
Здравко Стаматовски — *Zdravko Stamatovski*
Скопје, март 1996 — *Skopje, März 1996*

Музејот на град Скопје им се заблагодарува на г-гата Злата Мартиноска, Галеријата Никола Мартиноски од Крушево, Музејот на современата уметност "Скопје" и Уметничката галерија "Скопје", кои ни ги оставаија делата од своите збирки, овозможувајќи ни да ја реализираме оваа изложба.

На предната корица:
Никола Мартиноски
Во кафеана II, 1932
Am vorderer Seite
Nikola Martinoski
Ins Café II, 1932

На задната корица:
Георг Грос
Мала кафеана, 1922 / 24
Am letzte Seite:
George Grosz
Kleines Café, 1922 / 24

CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје

7.036.7 (497.17) Мартиноски, Н. :7.036 . 7 (430)

НИКОЛА Мартиноски и германскиот експресионизам = Nikola Martinoski und der deutsche Expressionismus : Музеј на град Скопје, 1996 = Museum der Stadt Skopje, 1996 / (концепција и текст Борис Петковски ; дизајн и уредување Фросина Зафировска ; фотографии Марин Димески и Благоја Дрнков. - Скопје : Музеј на град Скопје, 1996. - (12) стр. : илустр. ; 30 см

Текст на мак. и гер. јазик.
ISBN 9989 - 612 - 09 - 9

1. МАРТИНОСКИ, Никола 2. ПЕТКОВСКИ Борис

печати: печатница МИЛЕ